# ПАНДЕМИСКИ ИГРИ И СТРАТЕГИИ

*Невена Серафимова*
*Воена академија, Скопје*
e-mail: nevena.serafimova@gmail.com

Сé повеќе теоријата на игри се профилира во водечка методологија за моделирање и анализа на интерактивно одлучување. Во последната деценија се забележува и нејзината синтеза со епидемиолошкото моделирање. Поаѓајќи од разни математички теории, во рамките на овој спој се развиле класични детерминистички, диференцијални и стохастички модели на игри, но и популациски мрежни игри со хетерогена топологија во кои се присутни елементи на учење. Во фокусот се најчесто превентивните мерки кои вклучуваат, меѓу другото, ограничување на социјалните контакти и имунизација. Ќе разгледаме одредени модели и карактеристики на овие игри, задржувајќи се првенствено во класичниот домен.